Станко Павлески

Авторски низ појавното:
Уметничко дејствување на планина

# во најава...

Пишувана уметност (Токму проект)

Самостојно издание

Тираж: 50

00

# Пишувана уметност

## Наместо вовед - 00:
## **Слобода или Смрт**

Да бидам искрен, и покрај неговото, а се подиспоти во желбата сложеното да го изнесе едноставно, разбирливо-најразбирливо, не разбирав во што биле разликите, оние, вајар/скулптор, да не споменувам колку, сѐ уште, не сум на чисто и со едно друго, исто негово, скулптор/уметник, а се закатанчи сѐ да ни стане бистро, за повеќе да не го зазборуваме со нашите мангупски прашања и да го спуштаме во ваквите бунари на елементарните нешта. Беше предодреден за сложени, формално минимални притокмувања на визуелноста во неговата уметност и изразност со возбудливи релации, а содржини што не наведуваат банално да ги приопштуваме и да ја барате реалноста-сликите и зборовите за таквата, само нашата-субјективна слика за вистината. Таквата заробена вистина нас нѐ правела сомничави, до отфрлање исклучиви, за постоењето на друга можна слика или самата објективна вистина, кој да ја знае, како што велеше малската историчарка на уметноста, а ја имавме за стручен консултант, за тој да не нѐ заведува и рашетува со зборовите, овој несомнено исклучителен владетел со свеста на окото.

Се излажавме дека ќе го збуниме и лесно ќе си поминеме, дури и дека ќе го подзасрамиме малку, на негов терен, та да не помислува дека не разбираме уметност, а имаме очи и гледаме, што убаво-што грдо.

Не можев ни да претпоставам дека тоа беше дури и најлесното да се сфати (погорните специфични разлики во термините), иако потесно стручни-поимни финеси, што беа, од сето другото подоцна, како што го запознавав повеќе, онолку колку што  можеше да се допре овој недофатлив човек, иако питом и едноставен, човечка природа. Ова од неговиот карактер особено ме збунуваше, никако да ја сфатам скромноста пред

моќите што ги насетував, а велеа, дури и знаеја дека ги поседува.

Соседот Бранко Р. Тодоровски беше скулптор, уметник, како што милуваше да биде прецизен во ретките моменти на расположение кога ни ги подобјаснуваше нештата од неговата уметност или, пак, ваквите специфичности на кои инсистираше, нам неколкуте привилегирани во маалото, дел од крајните западни рабови на скопската периферија. Неможејќи да се одбрани од нашиот простодушен интерес и зајадливите, по нешта оптоварени, маалско-ироничнi, до цинични, инсистирања и измолувања, кога ќе се подопуштевме малку, со таква невина понизност изречени, што и самиот ќе се опушташе, оти тие едноставно поразуваа и отфрлаа секаква помисла да бидат одбиени или несериозно сфатени. Кога без здив занемени и во уво претворени, небаре тоа живот ни значеше, бевме намерени да исчепкаме нешто од неговото засолниште на тајни зад вратите на неговото ателје, тој ни се потсмеваше, како смешко подигајќи ги аглите каде што се среќаваа усните, истовремено со подигањето на десната веѓа, во знак дека ни ги капира итроштините.

Но нему не можеше да не му се верува, како да имаше око на челото.

Несомнено верував во неговата треперлива ритмичност во говорењето и задлабоченоста во мислите, некаквото напипување на погорните чакри, небаре наумил самата чиста свест да ја допре, или светлината, мудроста единствена, смртта. А пребаруваше по зборовите, извесно, та тие беа сликите, нели, за самите разлики што јасно ги гледаше, околу кои се подзаврза малку, море убаво се заплетка, или, пак, јас самиот се бев подизгубил во јазлите што му истекнуваа, сето во надеж дека ќе го открие оној вистинскиот, “зборот за илјадата слики”. Ме увeруваше и убедливиот такт на дикцијата, полнотијата на паузите, гестикулацијата што поткрепуваше во зборовите-сликите, а мимиката, просто разоружуваше секаква помисла од сомнеж, згора упорноста со која се трудеше да ја задоволи нашата лаичка, а и мојата швајцерска, КВ мајсторска

љубопитност стекната во Скопската Железарница, по малку блиска до неговата работа, бидејќи скулптурите претежно ги реализираше од железни плочи декапиран лим, нели така, стручно да се “одразам”.

Своевиден чудак беше нашиот Бранко-Бране, како што си го викавме, нема што... охохо... аха, се присетив на еден друг, во мигов, ви се молам, кога се присетувам и воздивнувам над долгата листа од неговите чуда, а не беа само три, што секако би ја потврдиле неговата моќ, туку безброј беа.

Леле, од кај пак ова сега да ми текне, како само влета овој. Тодоровски се презиваше и тој, ви текнува? Оној вајарот што го направил Прворепубликанецот на Мечкин камен, чинам и оној Партизанот Второилинденски на Трница, а и некои други, се присеќавам, токму така, таму каде што, попатно кон Маврово, си крквавме качамак и кисело млекце со нож да го сечеш, во ладовината под боровите, та и ветрето..., сега сигурно се присетивте!? Како само мене ми текна, како влета, но името сѐ уште ми бега, а на врв на јазикот ми е-Дончо ли беше, Дичо ли, море Димко ќе да беше на самиот врв.

Како со остаток при цвакање кикиритки се мачев, зрнце што некако ќе го доведев на врвот на јазикот за така натокмено да си го пригмечам со предните заби, а во мигот одново ќе ми се лизнеше низ непцето за пак да се прилепи по ѕидовите или да се приклешти одново меѓу забите, при бркањето и туркањето со врвот на јазикот, а вистинска среќа беше ако заталкаше низ грлото, та за таму го спремав и по пригмечувањето, подголтнувајќи во маката и неоправданата задлабоченост што ми удираше на жлездите, како да беше скапо зрнце дијамант. Нервозен малку, каков што бев, така некако одеше моево чепкање по меморијата.

Нема врска, како и да се викаше, но ви текнува на кого мислам?!

Оопс, еве го, не чекав многу, е нема кај де да бегаш, сега нема да ми се слизнеш низ грлото пред да ми се претставиш, сега сум сигурен, Димо се викаше, Димо Димо, без дилеми, Димо Тодоровски беше.

Туку што ми беше муабетот, ...аха, е, и тој голем вајар имаше ателје во Ѓорче како и којов херој, по самиот влез во Библиотеката, прва врата десно, во Културниот дом Ѓорче Петров, та кога одев по лектира, ко дете (тогај ветував, а и прекрасната сувичка библиотекарка ме сакаше... ја озборуваа дека од суштините во книгите што ги читала ја беше подизгубила самата желбата за маж, а мажачка исклучила уште на факултет... до ден-денес ја гледам повремено и со длабока почит ја поздравувам, ми беше првиот херој, иако непомирлива со родот мој машки... после ја утнав работата и немаше каде, татко ми на занат ме прати), 9-10-толку имав дамнешните доцни 60-ти, секогаш подѕирнував низ подотворената врата во некаквите глави и фигури на мажи и жени од гипс, што се наѕираа, но никогаш не се осмелив да затропам и да му се претставам. Никако толку звучно не би се осудил да влезам, толку бев воспитан, иако имав на ум, дури на тие години, а бев чул дека уметниците од творечка занесеност можат да не те забележат дури и во дневна со ѕвонење да им влезеш, дури и пред носот да им претураш ко невешт крадец и сè ошмара да сториш пред нив, можеби и по некаквите, во мигот помалку активни зони на умот да им прочепкуваш, кога сенешта промислуваат, а камоли кога творат и го пресоздаваат светот и постоењето, иако бев многу љубопитен одблизу сè да погледам, а и да го видам човекот, тогај не знаејќи колку бил голем, та и споменици дека правел.

Ние од маалото нашиот Бранко Р. Тодоровски го сметавме за чудак, некако ко шутрак, ќе му дојде, а можеби е тој дури и поголем од овој Димо, само што ние тоа не го знаевме.

Ние луѓето често знаеме да ја утнеме во проценките, нели така, и да бидеме неправедни, особено кон оние што не се однесуваат со сите; не зборуваат како повеќето; не излегуваат во маалото и не ги познаваат соседите освен првите до нив; не играат фудбал на училишното игралиште или, пак, шах пред зграда; не се чаталат туку си ја бранат мислата и ја туркаат работата, и така, иако не сум најсигурен дали добро го реков ова.

Напорно работеше уметникот Бране, често и долго во ноќта, постојано цвичеше и искреше, ко ѕвездено небо, неговата брусалка, да имаше само душа да кажува, кутрата. Одѕвонуваа и чеканите, а чадеа и прозорците од маглата согорени електроди, само што во ноќите, кога инспирацијата неодоливо го обземаше, не се забележуваше чадењето за да предизвика некого од соседите, та веднаш и 193 да ги засилеше децибелите во неговиот двор.

Неподносливо беше тоа трескаво цвичење и другите слични содржини што издишуваа од ателјето или зад ѕитчињата дворни, па мораше да се бара спас. Не ми доликуваше мене, нели, како на прв сосед, јас да си го барам чарето, иако бев нај погоден од сите. Го пријавија соседите од зградата до нас, сите пензионирани цајкани и тастери што заборавиле кога бил нивниот последен работен ден, научени на долготрајното мировинско уживање, што ете, сега, непрестајно им го нарушуваше соседот кој велеше дека бил уметник.

Тогаш веднаш, веројатно во самиот миг на спуштањето на нивната слушалка, во дворот на уметникот кој во тој момент си ги стокмуваше своите метални созданија и одвреме-навреме завиваше со брусалката, се исправи едно голобрадо цајканче и онака, начулено ко мунгос и наперчено ко петел, го подига пендрекот и другиот опашан арсенал, та одново позира, ги подига бавно, ко пантомимичар, и рејбанките, пред да ја изусти причината за своето малтретирање во мирните попладневни саати. Господинот уметник, почнував да му се восхитувам, без возбуда, тивко му ја објаснуваше ситуацијата, со такт, како што умееше, можеби и за самите дамари на уметноста му расприкажуваше и види чудо, наперченото цајканче се засука како перек во формирање и почна да му се извинува што ете, вистински непотребно го деранжирал, но потем, верувале или не, одново се зби чудо-невиден пресврт, ама сега крајно театрално, во манир на главен лик во уличен театар, со вперување прст, ви се молам, молчете пиштолот што не му го впери в глава на уметник, видно инспириран од публиката на терасите од спротива, та му се вдаде гласно: Уште еднаш, те

молам, ко Господ те молам, за ваква работа да не доаѓам!!! Во истиот миг се сврте, војнички отсечно, со врвот од едниот и потпетицата од другиот чевел, цврсто треснувајќи ги еден до друг, и така испрчен уште да поздравеше по војнички сè ќе беше стокмено за триумфално заокружување на сцената.

И навистина повеќе не се појави, ниту се појави некој друг наперчен и нареден ко држава, море од тогаш, од тогаш ниту со сина маица некој можеше да припари во засолништето на уметникот.

Излегуваше од ателјето само тогаш кога мораше, а и тогај не радо, но без поговор се повинуваше кога сопругата ќе го викнеше, молејќи го и инсистирајќи за момент да бидат семејство, ко сите други, на трпезата што веќе ја поставила. Знаеше да го чека и ручекот неколку пати да го подгрева, бидејќи од нејзиното викнување до неговото излегување од засолништето, патем вообичаеното затресување на алиштата, па симнувањето на мастите од лицето што ги ставаше да го штитат од зрачењата при заварувањето, па темелното миење од црнилата, поткашлувањето и просто рикањето од кашлање откако ќе го намамеше стокмениот гареж во грлото, та секнењето на гарежот од носот и одновото потсредување за да седне ко човек на трпезата, знаеше да одмине и еден час.

Сопругата негова исто беше таинствена жена и не се врткаше многу по маалото, ниту превртуваше филџани со сосетките, не дека беа како тенџерче и капаче со уметникот, но многу си прилегаа, му го знаеше табиетот да се вртка подолго со работата и по потврдното дека веднаш доаѓа, та најчесто точно го предвидуваше она потребно време за неговото потсредување, па го викаше токму онолку време порано за ручекот да биде жежичок, каков што го сакаше.

Тешко седнуваше на трпеза нашиот уметник ама и тешко стануваше: 2-3 ракии си испиваше со мезенце, та ручекот си го густираше по мерка, превртувајќи ги касаите по 30-тина пати меѓу забалата, како што советуваше медицината, та и 2-3 чаши црвено винце ќе си налееше, сè по ред и со лезет, долго по другите што веќе станале од масата и се опуштиле попладневно.

ќе си издуваше на крајот и 2-3 цигари со кафето и одново ќе си го фатеше засолништето.

Молитвено се предаваше на работата и како процесија-обредно му врвеше секој ден, до ситници подредено.

Од богатите содржини, просто видливи на неговото лице, зрачеше стамена питомина и контрола на владетел.

Така постојано ќе зацвичуваше, заискруваше, зачукуваше и зачадуваше силно и во совршен ритам,  по цели деноноќија, со недели и со месеци зад вратите на засолништето, како некаква метална музика да приклепуваше (патиштата до уметностите велат биле слични), тропање од кое се тресевме и офкавме, до денот на вистинското откровение, моментот кога ќе излезеше на површината со некаквите метални кутии што потем грижливо ги распостилаше по дворот. Веројатно тоа беа неговите скулптури. Во дворот ќе фатеше да ги милува и посветено да ги подредува и да ги стокмува во некакво големо едно, сите оние форми што наумил да бидат цело, околу кое ќе фатеше да опкружува и дополнително да поместува и да подредува упорно со посветеност на верник во молитва.

Си велев, а и во целото соседство се зборуваше: човеков не ќе да е “салам”, не ќе да му се сите овци на број, ќе да е забеган. Можно е да збрливел, вистински, да си се откачил од таа неподносливо трескава метална мезика, скраја да е, или да ослепел од светлината ѕвездена, или, пак, да почнал да се притресува неконтролирано и да завива со главата од константниот ритам на чеканот, или, возможно, да се подзадушил во црните облачишта, та да не знае што прави. Се посомневавме во неговата нормалност, признавам, иако знаев дека е и професор, дури и добар професор, мајката им ја плачел на оние недоизрастените и неодговорни мангупчиња што решиле да се зафатат со неговава-Господова работа.

Сигурно си имаше сè прецизно обмислено штом со таква сигурност ги натокмуваше повеќето парчиња во чудно впечатливи целини, иако ништо не препознавав што би можело да ме асоцира на човек или некакво животно, или што било друго од реалноста, во неговите форми од кутии, коцки и

квадри, полни или празни; површините, рамни или закривени; во круговите, правоаголниците, триаголниците и од нив изведените; отворите, пробивите, темните агли и сенки, длабочините; та линиите, дебелините и другите пропорции, бојата, вжлебувањата, и во што сѐ нѐ другото што видливо постоеше и дури вистински возбудуваше, не дека не, такви ги доживував.

Тој секако си знаеше што прави, тоа несомнено го знаев и ми стануваше доволно да имам респект кон овој човек, впрочем и пред другите соседи го бранев да не го прогласат за будала.

Така со години нашиот скулптор Бранко Р. Тодоровски нѐ изненадуваше со неговите метални направија, некои од нив дури и на сон ми се јавуваа, препотувајќи се од нивната огромна сенка, а и од запрашаноста, ко во сон неверојатна: чуму му е на човеков сето ова? Претпоставував дека толку ќе се беа намножиле скулптурите што веројатно сите подруми во куќата ги беше зафатил, дури и најситното воздухче простор ќе да го имаше сардисано, но чуму, вистински чуму му беше сето тоа?!

За целото соседство тоа стануваше неодгатлива енигма.

На крајот на краиштата, неговово, некако повеќе ни наликуваше на онаа народната: Џабе работи, џабе не седи.

Знаевме што е уметност, та нели тоа го утврдивме, ама оваа.., баш, на што некако ни личеше, но не бевме сигурни што всушност гледаме, најзгора, зошто толкав напор за нешто што насетувавме дека никому не му треба, така некако ќе да беше, не толку за мене, ама за повеќето, та токму на тоа можев да го сведам одговорот, ко во народната, на вистински недофатливава енигма што ме скориваше од сонот.

Но, не ќе да било така.

Од време-на-време пред неговата куќа ќе се паркираше по некое камионче или некакво комбе, море и 10-то-тонец еднаш се истопори во нашата тесна уличка со сите оние крнтии од автомобили пред капиите, низ кои едвај се пробиваше. И така, пред нашите очи, повеќе пати се товараше од скулптурите и се носеше во непознат правец.

Си велевме: не ќе да била онаа народната туку сето ова сепак имало некаква чудна смисла. Но збунуваше фактот, кога по извесно време, што не можевме точно да го определиме, одново присуствувавме на истата растрчаност, сега истото што тогаш се товараше сѐ се растовараше и се враќаше на старите позиции по подрумите и секаквите ќошиња во празнините на домот на нашиот херој, во што се престоруваше, во моиве очи, овој чудак.

Но, дали баш сѐ се враќаше назад од онаа секаде-никаде насока каде што пред нашите љубопитни очи претходно ги беа упатиле скулптурите, ни остануваше отворено прашање, на што ниту сосетката Трпана не можеше да даде точен одговор, а таа ни беше мандрак за утврдување вакви и слични состојби исклучително битни за мирот и спокојството на целото соседство.

Тоа до немај-каде ни создаваше големи дилеми и отворени прашалници.

Си велевме: што доколку дел од скулптурите сепак не се вратени? А, што тогаш?!

Затоа ревносно си фативме да срамнуваме сѐ, како сметководство, да не се пропушти да бидат разјаснети и најнејасните слики од нашето снимање на работите, просто сѐ, според темелниот увид на нашата Трпана Консалтинг Груп, без фирма и седиште. Прочепкувавме по меморијата сѐ, од самото товарање до крајно темелниот увид при растоварањето. По грижливото срамнување на сите наши заробени слики од самото место на настанот и проверувањата што неколку пати ги преповторувавме за да бидеме убедени во крајното салдо, ете, нема што друго, се покажуваше дека нешто, и не толку малку, ни недостига, едноставно не се срамнува.

Што станало со нив беше основната дилема што ни го подјадуваше мирот.

Што станало вистински со оние скулптури што веќе бевме сигурни дека ни недостигаат во срамнувањето.

Каде завршиле тие?

Не ќе да е, толку е неверојатно, истово да не го забележал и нашиов уметник, а за чудо не пројавуваше нервоза, ниту загриженост. Но нему тоа му прилегаше.

Не подјадуваше тоа, не дека завидувавме, ние всушност бевме загрижени, туку просто тоа што не можевме цврсто да се осигуриме дали вистински уметников ги продава скулптурите, како што бевме наслушнале некакви муабети. А скулптури, нели, уметнички дела, постигнувале големи суми, така имав читано или гледано на ТВ. Па сега замислите си, ви се молам, замислете си овие превознициве, што ли беа, мангупиштава препредени, тие да му ги украле, а тој кутриот, како што беше замаен, ништо да не забележал. Не, не ќе да е толкав шутрак, за каков што веќе го имаа прогласено, па толку големи пари да му се измолкнат од раце.

Тогаш нема што, едноставно сѐ се преклопува, таинствениов, голем или мал уметник, кој ќе да го знае, мора да е богат човек. Види-види, а ваму ми глуми, се затскрива, ниту вози автомобил, ниту користи мобилен, небаре застапувал некаква особена филозофија на живеење, види-види, ниту некој кат на приземната куќичка да си поткрене. Неверојатен циција ти бил овој, нашиов херој, така заклучи и на сите страни разгласи маалската сметководителката Трпана, со диплома не ѝ беа рамни.  Та кога ќе го живее животот, шутрак низаеден, неверојатно, ова вистински не го разбирам, знаеше да го дополни Трпана своето разгласување.

Така со години работеше нашиот маалски чудак и своевиден херој, за кого повремено ќе слушневме нешто по телевизиите или ќе прочитавме убави зборови по весниците, дури и неверојатни нешта за неговите успеси.

Сѐ така со години, сигурно педесеттата ја беше фатил, сѐ до една силна експлозија во неговото ателје, некоја од ноќите на оние неподносливи цвичења..., од што се затресе целото соседство. Бевме исплашени, но никој не се осмелуваше подиректно да ја задоволи љубопитноста, иако експлозијата беше тука, во близина, но како да си велевме, се насетуваше тоа, иако сите затскриени зад сопствените прозорци: веројатно пак

се тоа некои од оние керефеки на браќата Шарпланинци што тоа време припукуваа и од околните ритчиња, та и урбана герила знаеја да одглумат со по некоја рачна, а кога случајно или не ќе подотепаа некого од нив, плачеа пред меѓународните како... дека всушност мобилка држеле во рацете... море знаеја и по некоја Црна Стрела или Зољи да натопорат за да плашат деца, барајќи некакви ексклузивни права. Тоа си помисливме, тоа, не нешто друго, ни на крај памет дека експлодирал уметникот, инаку секако ќе притрчавме да видиме што е работата, та и да припомогнеме ако треба.

Некои велеа дека фрлил чкорче врз дамка од нитро разредувач, шише што случајно му се скршило на подот; други, пак, дека со електрода си наумил да отстрани парче од горнината на истрошена 10-литарска плинска боца со намера да спои две такви и да си направи бојлер; некои други, пак, дека наумил да се самоубие налегнувајќи кашикара што ја наследил, онака, вообичаено, од колено на колено, дури од прадедо му што гинел во Балканските војни ту на едната-ту на другата-ту на третата, четвртата-петтата завојувана страна, кој ќе да ги знае, но ни еден куршум не успеал да го стрефи.

Сѐ нешто претпоставуваа соседите.

Талентиран истражувач беше тој, тоа го насетувавме, та и соседството, за да бидеме близу неговото рамниште, плетевме инвентивни прикаски, од кои, од погорниве, што ми звучеа по инвентивно, вторава ми е најверојатна да се случила.

Што и да се случило јас знаев дека вистината ќе ја закопаме заедно со него кога Господ ќе му ги одброи деновите. Таков беше тој. Како и да е, своето експериментирање и уметникување со сите случајности што му се испречуваа на патот на уметничките вистини и чепкањата по сивилата во умот тој си го плати со болно и долго лекување на повредите и изгорениците.

Извесно е дека вистината само Господ ја знае, дури ниту самиот уметник лично, но сосема е веројатно, во намера делумно да го расветлам немилиот настан, сето да е предизвикано од некаквата пламена печурка што расте и од топка станува темен квадар, како што најчесто настанува при

согорување на концентрирано запаливо средство во затворен простор, сеедно, нитро или плин, или нешто друго, нели, според насетувањата на соседството за можните причинители, и секако, на тоа последователната експлозија што исто така настанува како последица на ослободувањето на вакуумот создаден со трошењето на кислородот. (а каде е најтенко таму се кине, вели мудриот ни народ, сигурно попуштиле прозорците или стаклените врати) Ете, ова вистински добро и доволно стручно го срочив, а не случајно се разбирам во овие работи, не поради друго, туку поради истите ризици што ги носи и мојата работа, многу блиска до онаа на уметникот, барем во занаетот.

Со време експлозијата во ателјето на уметникот подизгуби на актуелност, бидејќи живеачката на урбаните рабови обилуваше со згоди и незгоди околу кои се плетеа и се расплетуваа сѐ нови и нови прикаски и зачинети видувања, често и повозбудливи од неговово експлодирање.

Уметникот како в земја да пропадна, го снема, а не слушнавме дека им подлегнал на повредите, скраја да е, а и не му беа годините за да потфати рајски порти, ниту повредите ќе да биле такви за ваквите најстрашни помисли.

Така беше, едноставно го снема човекот.

Велат се повлекол на село, во неговото Гостиражни или Заполчани на жена му, и дека одгледувал овци. Ми звучеше возможно, бидејќи поодблизу го познавав, како прв сосед. Си споменувам дека го бев чул, во оние ретки моменти на расположение кога ќе скршевме краток соседски муабет, го бев чул да посака овци да чува, во смисла, подобро што поскоро овци да си купи отколку да им продава уметност на луѓето.

Можеби проценил дека баш сега му дошол вистинскиот момент да фати планина, а тој ништо не правеше случајно, освен што случајностите ги почитуваше онолку колку и намерите во создавањето на неговата уметност.

Така зборуваше мојот херој. Јас вистински го доживував така, како херој, иако не можам да објаснам зошто. Покрај него и неговото засолниште јас пораснав во човек.

Во една од оние ретки пригоди, секогаш во дворот, никогаш во неговото засолниште на тајни каде што само неговата сопруга можеше да ѕирне, тогаш кога ќе ни успееше да го зазборуваме, користејќи ги оние ironични мали итроштини на кои се потсмеваше, добивавме вистинска лекција од мудрости. Во таа пригода, а за да го заштитам, и него и нас, од подолгиот монолог, во што загазуваше секогаш кога ќе ја разврзеше за уметноста, бидејќи тогаш, почнувавме да се потчешуваме и таму кај што не нè јаде, да претаме со нозете за да утврдиме дека сè уште се живи и што сè друго не правевме, настрана од умот, поради смирување на сè што ни поминуваше по снагата, та во тие моменти му велам: Ама, види уметнику (инсистираше да бидеме на Ти), ова што ти го правиш и јас можам да го направам, дури и подобро и појако да го дотерам! А тој, онака, долго замислувајќи се, подмазнувајќи си ја кусата брада и лизгајќи го показалецот од врвот на носот па надолу низ усните и брадата, како да ја бараше идеалната средина, или за некакво опипување на самата чакра на мислењето како да стануваше збор, конечно проговори: Верувам, ми вели, одлично! Тогаш ти ќе бидеш јас/тој. Но, што ќе правам јас тогаш? Го впери погледот во празно и одново се замисли, со показалецот пунктирајќи го врвот на носот и продолжувајќи... пред да го изусти и одговорот на сопственото прашање: Та јас се плашам, дека јас, еве ваков, каков што ме знаеш, никако не ќе можам да бидам Ти/Тој другиот.

Занемев, тогаш вистински ми шикна целата крв во мозокот, онаа што до пред малку целата ми беше в нозе, како вода од подотворена брана целиот живот ми се втури во мозокот и ме затетерави, иако со длабокото мислење бев скаран, но тогаш како сите филозофи да ми беа на помош, едноставно ја разбирав суштината на неговите дилеми и загриженост. А тоа, верувајте, самото тоа, само што не ме ничкоса, та да се разлеев да ме снема врз површините и остриte рабови на неговите убавици, како што понекогаш знаеше да ги нарече неговите скулптури.

Ме стаписа, здраво ме замисли.

Си реков, како тогаш уметников ќе може да стане овчар кога од овци знае само за јагнешко, што не верував дека знае кога се објагнувало, и тоа, а можеби и тоа не, дека од една овца излегувало канта сирење, а ваму се сомнева дека може да стане швајцер во Железара, тоа што бев јас, а толку добро го познаваше мојот занает, дури и подобро од мене, иако претходно се чаталев дека и подобро и појако би можел сѐ да направам, па без-малку и поубаво од него.

Тој секако знаеше што прави, па каде и да заталкал, тоа го знаев.

Велеа и тоа дека баталил скулптура, во што никако не можев да поверувам.

Слушав и појаснувачки муабети (од каде ли им беа информацииве?) дека се фрлил на пишување на уметноста, и не некаква белетристика, туку баш уметноста, небаре истата онаа што љубоморно ја создаваше зад вратите на Засолништето, од која се препотував во сонот, всушност истата таа отсликана во зборови, во расказ престорена.

Ова вистински не го разбирав, не дека она претходното ми беше јасно, ама знам дека тој си знае што прави, дури и чуму сето тоа.

Ја пишувал уметноста?

Ете, што сѐ нема да му истекне на човекот. Вистински генијалец бил мојов херој. Можно е, како инаку, овој генијален пресврт да се должи на онаа страшна експлозија што му се случи и маките што ги истргал во долгото залекување на раните, та во болката да му светнала оваа вистинска мудрост. Мудро, нема што, тоа личи на него, неговата забеганост и не се скротува толку лесно, нели така? Во мигот почувствував како да е овде, близу, како да кружи околу нас како тогаш околу скулптурите што ги стокмуваше и ни се чуди, загрижено, на немоќта да го разбереме и најновово негово уметникување, како и сето претходното.

Мудро, не дека не, се фрлил на работа (тешката ли работа?!-пишување.) и бездруго ја открил формулата како да се заштити од ризикот одново сѐ да му експлодира пред носот. Решил да ја

пишува уметноста, која друга, секако онаа што му е во главата или онаа што наумила таму да се зачне, така бивајќи сигурен дека секој ризик од експлозија е дефинитивно исклучен, па и колку да се непредвидливи сивите места во умот. Веројатно го исклучил и тоа дека ѓаволот ни ора ни копа, како што вели нашиот народ, та ја занемарил и минималната можност да биде наведен да им потфрли чкорче и на зборовите. Сето ова, неговово, ми личеше на него, ама сепак, што доколку нешто не предвидел најдобро или, пак, едноставно, што доколку му се смачи и од зборовите, настрана минималната можност ѓаволот да замеша прсти, што очигледно ја беше отфрлил.

А, што тогаш?

Тој секако знаеше сѐ, едноставно си знаеше човекот, та и тогаш, доколку и од тоа преживее, ќе знае на кој терен да стапне. Велеа дека помислувал и на тоа да ја премости оваа фаза на пишување, да не си го губи времето и веднаш да си фати да ја создава уметноста, само онака, мислејќи ја, и толку, доволно било, верувајќи дека мислата немала гајле од чкорче и слични ризици.

Кој да го знае, тоа не беше многу за верување, во неговите раце, а и во главата, сѐ беше запаливо, та и мислата не ќе да беше на сигурно, сѐ така си мислев. Нѐ искушуваше мојов херој, и тоа си помислував, мангупски нѐ заведуваше, бездруго, на тоа ми наликуваа неговиве уметнички пресврти, колку и да не се разбирав во тоа, а и дали добро го напишав ова, кој ќе да го знае.

Но, Маалскиот историчар на уметноста, а и токму критичар, не мислеше така. Убавицата што го стекна ова звање на јубилејниот-50-ти собир на маалските старешини, а и го завери во Трпана Консалтинг Груп, што обавуваше повремено и нотарски работи, покрај сметководствените, ни извади и ни протолкува дузина текстови што ревносно ги собирала и ги подредувала, од што можеше без дилеми да се заклучи дека на Уметников ваквите уметнички пресврти, море забегувања.., пирует невидени, му биле својствени од самите негови почетоци и дека тоа било негов специфичен однос кон креативните процеси од една, и психологијата на реципиентите

и толкувачите на уметноста, од друга страна, од што си изградил сопствена Програма. Ни го напомена и тоа дека нејзиното стручно мислење сосема се совпаѓа со претходното и за да нѐ увери почна да ни цитира писанија на познати луѓе-имиња бело-светски, кои дошле до слични заклучоци, сводливи, според нејзиното толкување, на тоа дека нашиов Бранко Р. Тодоровски секогаш работел настрана од она што го практикувале другите, не робувајќи им на трендовите, но во согласност со нив допирајќи најрадикални видувања и идеи.

Велеше, неговово пишување на уметноста не е случајност туку континуирана доследност кон Програмата...

Тој секако знаеше што прави, тоа го знаев.

Насетував дека е предодреден за ризици... 17.06.2010.

01

# Наместо вовед - 01:
# ***Раѓање***

Смртта му ја таксале со заплакувањето,
животот  му го чкртнале          .___________________________.
И со вкупната смрт на светот го нарамиле.
Си го одбрале него, смртникот
го почестиле да ја слави и да живее за Неа.
“Сто му громова!” Каква грешка!
Со што ја беше заслужил моќта над Крајот секаков?
Се прашуваше.

Види види, ова ко поезија се стокми...

Сигурно се препознале, тоа си велеше, и не во некаква одбрана, бездруго беше радосен, просто среќен, кој би се опирал на таквата исклучителна позиција, ви се молам.

Дали, ете, до немај-каде притеснет, некој да им дошепнал или подразбрале некако, колку за потврда, бидејќи сè знаеја, од неговото раѓање до второто и сите други негови раѓања, дека по неговата триесетта, и оној Црниот над Црните, Сиоран лично, силно го љубеше, па тоа да било пресудно него да си го прибере до себе, него, неисто-мислечки верниот, за да може да го надгледува, притоа Севишниот (неверојатно!) погрешно да го вперил показалецот врз фотографиите што му ги поттуриле, и оп, него, недораснатиот, по грешка да го дарувал, а не оној вистинскиот до него, од Дракулините краишта, ко Бранкуси, од каде беше Тој, а му немаше рамен.

Се нафатил, што да прави, да се жртвува за Него и за Идејата што им беше Голема Пријателка, за пријателот негов невиден, потценет и понижен неправедно, но со каменото срце за Вечните Слова пресилен да падне во очај. Заедно ги газеле тајните небесни пространства во долгите разговори за “сјебаната” Ни Вера Општочовечка и ја славеле космократијата на Големата Владетелка на Раѓањето, Неа, кога Тој, Црниот, го молел да не го куди и разочарува Дарителот над дарителите,

што ете, по грешка или не (Безгрешниот!?), него го беше одбрал, и воопшто да не се грижи дека секогаш ќе биде тука, Тој до Неа, и до него, кога ќе му затреба, а секако во битките што допрва ќе се разгоруваат, кога ќе ги распердушат чуварите на Големецот и ќе ја востоличат токму Неа.

Смртта му беше пријателка, а .___________________________. не го доживуваше како некаква проста математика, линеарно, туку како сложенка од повеќето блиски умирачки на оние на кои не им бил во времето на првиот плач, како и сета Неа што ја доживуваше.

Најсилните, длабоки-најдлабоки моменти во живеењето му беа умирањата, простиот факт кога се прекрстуваме во Слобода, отстранувајќи ја сета зависност, до согореното последно вдишување.

Особено, до солзи, ги преживуваше оние парчиња, константи од човечките згаснувања, отсутните од длабоко дишење и посегања кон смислата на живеењето. Толку беше жива таа возбуда како да стануваше збор за недопрена убавица, што трепери и воздивнува, доброволно предадена на мрежата осети од петиците до вилиците и разнишаните линии од дланка до дланка, што вкрстуваат, силни ко Теслините експерименти, низ обрачот дамари во папокот и под него, и другите стожери опашани со редицата кругови што градираат, растат и се губат до следното затреперување, препуштена на првиот што наумил да ја стори жена, а не за самиот суден ден.

Бевме верни другари, може да се рече.

Кога заврши IV одделение за прв пат се почувствува голем, и така горд, со книшката и „Потомците на кат“ од Методија Фотев под мишка, ви се молам, целиот вцрвен од радост и среќа, задишан се тропнал дома, за во самиот миг на неговиот прв голем чекор да го израдува татко му Авто, Бог да го прости, бевме блиски. А тој само во неделите по 11 часот кога стигнуваше од Славија, самопослугата каде што шефуваше, беше подготвен за ваков вид на возбуди, бидејќи остатокот од неделата, месеците и годините што си врвеа, беше живо ненаспан од станувањата во 4-5 и легнувањата до 22, ритам што

мораше да го одржува за да не заспие пред муштериите или да направи друг непредвидлив потег, опасности што и за наспаните не беа реткост, та да им смелеше некое членче од прстите или, пак, цела шака гратис, скраја да е, бидејќи покрај шефувањето често го покриваше (неверојатно за него, но ете...) вечно задишаниот касап, зазбиван под 150-тината кг. жива мера, нека ми прости Господ, и него, чичко Стоилко, одлично го познавав. Тој пак, исто беше ненаспан, ама од свинското и виното по скопските села и приградските населби каде што касапуваше во викендите, а пред Божик и по цели недели.

Покрај сите ризици што ги демнеа ненаспаните, во ситуацијава на чичко Авто сѐ беше можно. Замислете да ги помешаше цените што ги лепеше на производите, та муштериите да си платеа тоалетна како за чоколадо; четка за веце како за вреќа брашно; Узо како за Мастика (не дека е сѐ до цената) или, пак, да отчукаше астрономска сума за мал пазарлак, бидејќи и касиерките ги менуваше, та помодрен и подуен, згора ненаспан, да си се врател дома така што и тетка Будна не би можела да го препознае.

Бог да го прости, прекрасен човек беше, мојов другар целиот беше на татко му, а како му се множеа годините ко јајце на јајце си беа, не толку во суратот колку во очите и наравот.

Исти беа во болната правдољубивост; во немирењето со правилата; во храброста да се заземе страна; во препуштањето на сите сметки на сопругата; во нељубењето на поповите за време на Духови; во искрената љубов кон одбраните; во несигурноста кон нешта и ситуации во кои многумина беа како дома; и во исплашеноста по 50-тата (но не од смртта, таа и на двајцата им беше пријателка) кога го стресе срцето, а во 59-тата и го ничкоса на плочките во празниот ресторан во Чичино село крај Треска, кај пријателот Чиче, кому му носел жилети, кафе и млекце, бидејќи во тоа време тешко се наоѓаа.

Љубениот мој татко, велеше пријателот, неговава судбина кога тогај и мене ќе ме трупоса.

Многу го сакаше, дали затоа што се препознаваше во него, што е помалку веројатно, синовите отсекогаш бегале од

татковците од истите причини, ама, нели и двајцата се крстеа во надстандардите и надживувањето, та веројатно тоа ќе им беше нераскинливата врска за меѓусебното препознавање и потврдување.

Многу го погоди неговата смрт, само неколку месеци по неговата прва плата со која го израдува, а само месец по неговиот 29 роденден.

Грев беше да се гледа во замисленоста. Што ли му поминуваше низ главата од сето живеење со својот родител? Дали тоа беа моментите на недоразбирања, што ѓаволи беа, бидејќи оние секојдневните, таксаните маки животни и радостите, или сенештата други, не оставаат такви лузни за паметење и одболување.

Чичко Авто беше питом и разумен, крајно толерантен, можеби тоа беше станал со годините, та секако, фактот исклучуваше секаква помисла да бил причина за недоразбирањата.

Бев чул дека во младоста знаел да биде и пис на јазик, од болната, згора младешка правдољубивост, и имал страшни караници со својот татко, дедото на другаров, кој дури бил вистински отров од јазик.

Беше ли ова вистинскиот никулец за успешено зафаќање со кадрите на отсликувањето на самата преповторливост на животот во животите наши, а младоста беше, како сите наши младости, та и неговата што одминала и онаа другаровата, нескротлива и непредвидлива во силата и исплашеноста од стапнувањето на животниот круг, во кој сите, без исклучок, се обидуваме да ја определиме нашата, само нашата точка на некаков почеток, во некаквиот си наш круг, а всушност не станувало збор ниту за засебен независен круг ниту за доволно јасна отсечка во постојаното тркало на животот, сметајќи дека можеме да ги залажеме гените и да ги завееме и подзапретаме трагите наследно искуство, каква и колкава да е нивната специфична тежина, и да ги отфрлиме со надмената сила на младоста, та сите коски на предците во интергенерациската дупка да се здружат и да се разиграат и распеат диво, да се

растресат до транс и така да се раскостат и да се здробат од смеење.

И ако, во наравот, личеа како јајце на јајце, ете, некако, веројатно од нигде-никаде или од немај-каде, можеби од младешката сила и непредвидливост, едноставно се случиле меѓу нив и лузни, што беше извесно, инаку на што би се должела неговата задлабоченост, до отсутност, со месеци предаден во мислите, ако не беа во прашање таквите расчепкувања на подзакоравените недоразбирања, несомнено до скрвавување од упорност, во надежта дека ќе го допре одговорот над одговорите.

Таква слика оддаваше неговата состојба.

Можеби и не расчепкуваше ништо, а смртната задлабоченост се должеше на простиот факт дека едноставно имало и умирачка (ама со неа беше на Ти), та да го подзатетеравило самото хипнотичко преповторување и ритамот на брзото превртување на сликите заробени во тркалото на животот, во коешто, повеќе од видливо, се беше задлабочил, и така, во хипнозата му се јавил Гласот. На годината потоа, од него бев чул за некаквата нецелосна, поднагризана и повеќемислена реченица, што чинам дека токму вака Гласеше: Господ... чува... остарите... (дали и вистински не завршувала со последниот збор..., небеше на чисто, но како да начул уште еден-два збора). Дали ќе бил некој совет од татко му за некакво последно, како лице-в лице, исто не му беше јасно и со нешто претходно поврзливо, но крајното, ... остарите..., и да беше и да не од татко му, љубениот негов татко, и самиот не ја доживеа, а неговите 59 веќе ја беа стекнале таа мудрост..., бивајќи обдарен со чиста, неоптоварена со образовно бреме интелигенција, згора предвременото стареење со блиските умирања што го следеле од дете, како и мојов другар, неговиот син (кого дури го почестија да ја слави и да живее за Неа) што го беше создал за да се продолжи промислувањето на патеките Господови.

Необична беше и неговата умирачка, дефинитивно ја избегнал долгата и мачна претсмртна постела што си врежал дека му е судбинска, а никако не можел да ја нападе од мислите

и да ја исклучи како една од веројатностите во сопствениот крај, што најмногу го плашела и ни на душман не ја посакувал, но тоа беше шок за домашните.

Му беше јавил, ми раскажуваше, пријателот Чиче му се јавил, управникот од Чичино село на Треска, лично: ... види, како да ти кажам, едноставно така, си седевме во празниов ресторан, Чиче овде, ме слушаш?... и само се сруши, така, едноставно се ничкоса и не знам што да правам, ме слушаш?... татко ти не мрда, што да правам? Побрзајте, веднаш доаѓајте, не дише!

Сакал да летне, да се обиде како во соништата свои, а често неверојатно левитирал во нив, ко со мисла премостувал... велосипедот го јавнал, во замена за автомобил, со што беше скаран, па така, како што му рекол Чиче, веднаш како самиот Пегаз да беше го јавнал, "Рогот" како крила да добил од немањето време за стимулирање вистинска бестелесност што често и му успеваше, бидејќи беше крајно предан кон таквите вежби и расчитан по разно-разни спиритуални искуства... море чиста астрала знаеше да фати, се проектираше... се здрвував од неговите чуда... а и срцето на татко му еднаш беше начнато, факт што го фрлаше во суровата реалност на можното.

Се вдал во празниот ресторан каде што трупосан на плочките го стрефил судниот ден неговиот сакан татко.

Занемел, во мигот од сопствениот поглед, неподвижниот кадар од кој не можел да се дефокусира. Прашалното: кој, што и каде, а најмалку колку, изгубиле секакво значење. Неподвижен над тоталниот мир и електро-брановите во мозокот му притаиле за да не ја нарушат сликата-некаквиот пра-кадар за идеалната состојба на хоризонталата во која цврсто доминирала татковата фигура, хоризонталата на која се предал и оддавал впечаток дека подобра состојба од таа не можел ни да отсонува.

Се кршел во колениците ко во забавена снимка, ги пуштил раширените дланки над него како да наумил енергетски круг да го затворат и така, 10-15 минути, како јогин сите движења целосно да ги елиминирал, дури и дишењето. Со двете раце во кои ја беше заробил сета топлина му го обгрнал лицето, речиси

не допирајќи го, како да се плашел дека ќе го повреди и измести од идеалната позиција. Го втурнал неговото во татковото лице и долго не се поместувал, до наглото оттргнување и силното зафрлање на главата наназад, немо, со наполно отворена уста кон ѕвездите, кревајќи ги и рацете угоре, заплакал.

Но, попусто било сѐ.

Кога се созел, ја истурил неговата зачуденост и прашална лутина кон детската исплашеност на Чиче и неговите лоши постапки, бидејќи логично било да повика 194 или да го збрчи службеното комбе, од многуте нешта на кои помислил, наместо да го чека него на Пегаз, или да ризикува да занеми пред глетката астрална, што исто би можел да му ја приреди, та и него да требало да го пакува.

Попуста била и следната надеж, а и самиот не пресекол да ја бара во Брзата помош, бидејќи „сѐ во свое време“ му беше добро помината лекција, а не беше ни луд, кога со автомобилот на зетот и драгата му сестра што исто, веднаш се нашле на местото на судбината (за контактот на сестричката негова, многу ја сакаше, со идеалниот кадар, да не ви зборувам, и вие би се расплакале) и се упатиле до Клиника, каде што само ја установиле неколкучасовната смрт.

Немало спас, тоа ти е!

Тој никогаш не ги криеше солзите. До последните зборови на попот што прикрај двапати ја спомена и земјата, над ковчегот, и последниот негов поздрав над лицето тишина, исконската слика во што му се престори родителот, солзите си течеа и во барут му ги сторија очите.

Мајка му Будна, стамена жена, тогаш кога ѝ кажаа за смртта, море пред и да изговорат некако, таа знаеше, исто некако, едноставно си ја знаеше. Ги загрна заштитнички и ништо не проговори. За цело време во процесијата, да приумре човек колку се мачни адетите, до последното поздравување со покојниот му татко, не ја испушташе од рацете и се поддржуваа во болката, како и до ден денешен.

Тоа било негово последно видување и со малодушниот Чиче, и Чиче од Чичино село како во земја да пропаднал, ниту

на погребот се појавил, ниту на некој од помените, ниту, пак, се јавил дека е жив и здрав.

Се фрли сомнеж за можна поврзаност на Чиче со смрта на чичко Авто, надвор од умот, та најблиските презедоа тајни истражни дејствија, распрашуваа секого ако веруваа дека може нешто да знае или да насети некаква поврзаност, во што веќе беа цврсто убедени, што ја темелеа на неговото едноставно исчезнување од местото на настанот. Помислуваа и полицијата да ја известат и да им ги презентираат сите нивни преземени дејствија и полниот нотес со прибелешки за разните настани, случки и други ситници поврзани со настанот, прецизно опишани, и ексклузивните интервјуа, и тоа, богатите со податоци информативни разговори што ги беа воделе со оние што по нешто знаеле или насетувале, а сето тоа, според нив, несомнено и убедливо би можело да упатува на убиецот. Дури и интерпол помислуваа да го известат, но се откажаа и од едното и од другото, од проста причина што тие веќе сè си имаа сработено и прецизно елаборирано, та не сакаа со нивните заслуги друг да се кити.

Во нивните глави сè беше јасно, но требаше уште да се намести осомничениот да направи непресметлив потег што апла ќе го отплетка неговото злодело и што никако не ќе може да го негира или да изнајде некакво алиби. Очигледно, беа талентирани за ваков сложен истражувачки процес и во новонастанати ситуации, попатно произлезените, реагираа на драстично нов начин, во местенките за заплеткување на жртвата, што веруваа дека секако ќе се појави. Луцидно извлекуваа заклучоци по секоја нова информација.

Направија сè што требаше, за да си ја задоволат својата обврска како роднини, иста крв, и да ја залажат болката од загубата, но нивната упорност спласнуваше низ времето што ги оддалечуваше од ненадејната смрт што ги снајде, и штом оддалечувањето од блиската смрт ја направи обична како и секоја друга смрт, се посомневаа во себе и го затворија случајот.

Дали беа во право или не, што толку предано и упорно, речиси година посветија на човечки-личниот силен сомнеж, тоа

само Господ ќе го знае, но Чиче, ниту се појави ниту беа слушнале дека скинал конци.

Сето тоа од неговата задлабоченост ќе остане тајна, но не и недофатлива, бидејќи она што го преживуваше исправено подоцна стана оска околу која гравитираа базичните точки на неговата уметност. Мислам дека тогаш, баш тогаш се роди и неговата вистинска уметност.

Татковата смрт не му беше прва средба со умирањето, но таа беше татковата, и ако со секое блиско умирање умираше од дете, стоички ко Пирејот на Петре М. Андреевски.

Беше предодреден за жива дружба со болката и страдањето.

Тагата му беше милениче, секаквата, од сенешта тагата, а таговното го предизвикуваше да чепка и да препознава по најскриените длабини на постоењето, да отскрива и длаби во потрагата по самите нејзини дамари, вклучително и болната мака да ѝ ја допре сликата, името и презимето нејзино и така да ѝ ги распрета корењата.

Тагата беше неговата инспирација. Тажен можеше најсложено, полнозначно да мисли, најсликовно и живо, просто сѐ да престори пред себе, па често се прашуваше што би правел доколку го напушти, ете, не знам зошто, но едноставно, доколку на миленичкава ѝ стане претесно во неговата кожа и да си ја збрише без најава. Стануваше вознемирен од самата помисла. Чувствуваше дека тогаш и самото мислење ќе го напушти засекогаш и ќе го остави како лејка без никаков загграб содржина, празна лејка што засвирува и при најмалото заталкано воздухче што ја подисполнува. Избегнуваше дури и да мисли на оваа црна извесност што не му гинеше доколку не биде сервилен кон незаситницава проклета, а и му ја таксаа, нели, и не само неговата и блиската, туку вкупната смрт на светот.

Блиските средби со смртта, особено, покрај другите и сѐ друго што умираше пред неговите очи најмногу ја заситуваа и ја чинеа дарежлива тагата, како извор бистра вода стануваше, заплискувајќи најделикатни содржини на виделина. Тоа беше неопходно за неговата уметност, во живото отсликување на постоењето, та беше подготвен сѐ да ѝ принесе на жртвеникот

само да не се налути и така да ја снема и никогаш да не се смилува да му ја врати мислата.

Во оној момент, нели, кога Фотев му беше најголемиот писател во светот, вистински тежок за неговите години, во кг тежок, ако сакате, по бројот на страниците по кои се беа распослале Потомците, настрана силната верба на Учителот во него, треснува дома задишан и подискривен во рамениците, а дома смртна тишина, штама, во која само сестра му ја беше оставиле, отсутно загледана низ прозорецот. Сепак, барем еден, таа беше тука да му се израдува на големиот успех, а очекуваше да затекне вистински митинг од дочек.

Баба му, по мајка, што само пред два часа, заедно со дедо му, трпеливо го чекале да се израдуваат на оценките и Потомците... и да го почестат за успешното зачекорување во предметна настава, решиле да заминат. Настрана што, така наеднаш, без допивање на чашите, што на масичката, полупразни, сведочеле за нивното присуство, како сите, само на кратко да се повлекле во дворот, поради горештината, се одлучиле да не го дочекаат, ама, меѓу времето од нивното заминување до неговото доаѓање, само за малку го изгубиле трпението, било кобно за неговата бабичка. Ја стрефило срцето, покрај другите животни маки стежнати на грбот на намачената жена, на која и само 63-те ѝ станале неподнослива тежина, исправена меѓу земјата и небото како оние на Фотев. Воздивнала по патот, за последно, баба му Трпа. По кажувањата за крпениот живот што го живеела, вистински ѝ прилегаше името.

На некој од помените, не беше сигурен на кој од многуте, попот при споменувањето на покојните блиски до фамилијата, кога завршува со она, и сите знајни и незнајни, во читањето ја прекрстил во Трта, нели, нашата Трпа, од ливчето што мајка му му го подала, бивајќи сигурна во сериозноста на синот во пишувањето, особено во неговата сериозност со смртта, ама ете, наумило она „т“ да го истисне „п-то“ и да го збуни попот. Се вцрвел слугата божји од, за него, веројатната грешката во читањето, а присутните си зафатиле шеги со замаеноста негова,

или пијанството, бидејќи стално беше вцрвен, што од предаденоста негова на Бога, што од винцето што го обожаваше исто така силно.

Живите отсекогаш не ја есапеле смртта, си биеле шеги за да не ги надвладее стравот од Неа и тишината, та стравот да не им се всели во коските, доколку премногу ѝ посветуваат внимание. Останало тоа Трта, во замена за баба му Трпа, како случка што на секое блиско одбележување на смртта се раскажувало од истата потреба да се пресретне стравот од судниот ден.

Таа мртва, а тој мал, го исправила мајка му Будна над нејзиниот ковчег, пред самиот закоп и тогаш прв пат ја бацил смртта. Ништо не му останало во паметењето освен студенилото на неговите усни и рамнодушното восочно лице пред очите, стамено ко сите светски тајни да ги скаменило, та очекуваш дека во секој миг е подготвено да сподели некоја од заробените мудрости, а засуканиот црвен конец меѓу усните што ѝ го ставиле, веројатно од некој си адет во традицијата ни наша, македонски смртна, ај да не ја прашувам мајка ми, таа и да не кумувала сигурно знае, а е од тие генерации што паганското и правоверното одамна ги измешале.

Се простила со светлината баба му Трпа, вечна ѝ земја, а нему му останале сликиве детски сеќавања, што на различни начини ги прераскажуваше и ги дополнуваше со нови и нови впечатоци, збогатувајќи ги до непредвидлива полнотија со и најмалата емоција на која трпеливо ѝ ги бараше зборовите за да ја задоволи сопствената слика за изразност, онаа што му беше во главата.

Опседнатоста му ја вгнезди смртта. Тој беше уметник и веруваше дека тоа што ја жигосало душата никогаш не мирува и упорно прета да најде патеки до вистински израз, убавината што никого нема да го остави рамнодушен.

Дедо му, по татко, во редицата умирачки што го зафати, умирал сите оние 16 години поминати со него. Боледувал од чир на желудникот, та киселините му ги срониле сите заби и јадел само попара со млеко и незачинети супи. Упропастениот желудник коски и кожа го сторил. Уште на почетокот, во

неговите 50-ти, кога лекарите му ја установиле болката и му одржале лекција за режимот на исхрана на кој требало да се придржува, а алхохолот сосем да го “батали”, наумил да се инаети и со народната медицина, тревки и некаква чудесна алхемија, начисто да го исуши чирот, во што, до самата смрт верувал дека тоа и му успеало, и ако со години не внесувал ништо освен попара со млеко.

Му рекле дека лукот му е мајката. Му се видело веројатно, по сите оние помисли и обиди да се реши од наивната болка што му ја подјадувала снагата, та си влегол во градината зад куќата, крснозе си ја заседнал во младото лукче и полека, со лезет, избрстил сè во круг, до каде што му дофаќале рацете, без да ја наруши позата на вистинска медитација, во што го фрлила ударната доза зашеметувачки својства на народниот иљач. Не изоставил, какво пропуштање, разорниот напад на чирот да го засили и со лута, домашна препеченица, за што бил доктор, а сам си ја печел како за своја душа. Кога чичко Авто го нашол, по подолгото пребарување и распрашување меѓу соседите, тој лебдел, просто одлепен од кругот култивирана површина во градината, нашиот Буда Мите веќе ја дотерал до Токсикологија. Во друга пригода, од повеќето слични народни изуми што ги пробал и останал жив, испил грст мали апчиња за да го концентрира дејството на, сега веќе големото апче, како во претходното искуство со лукот, со надеж дека побргу ќе му мине болката и маките човечки.

Чуден бил дедо Мите, горделив човек, сметал дека ништо не може да го обори.

Случкиве се чиста илустрација на неговиот инает, инаку, се лажете, доколку помислувате дека бил неурамнотежен, откачен и троа забеган. Човек со оска си бил и тоа баш заробеник на својот стожер, та за живо не признавал ништо што отстапувало од досегот на неговите кругови на поимање. Добро познавајќи го уметников, а малку и газда Мите, за жал не ја стекнав неговата доверба, но повеќе запознавајќи го од муабетите за сенештата од животот, што почесто ги отворавме, пријателчево мое малку си беше на него, во инаетот дури и посилен од него, а

и во чашката не заостануваше премногу и во гордоста со што се одликуваа и двајцата. Сѐ околу нив доживуваа како помалку вредно, но не ги потценуваа луѓето и се дружеа без селекција, од питач до крал беше нивното опкружување и кон сите се даваа подеднакво, а од никого не бараа ништо туку очекуваа безрезервно пријателство, во што се крстеа. Беа од оние што многу фрлаа зад себе за да најдат пред себе, без многу пресметливост, едноставно веруваа дека раката што дава не се суши. Во многу нешта беа слични, но не и во џамбазлакот што беше професија на дедо Мите, беззаб коњ ќе продадеше за ждребе. Убаво живееше од џамбазлак до џамбазлак, а му се лепеа работите, глава не можеше да крене. Не боледуваше од измамите, бесрамни, тие му беа секојдневје и работа од која што живееше, освен убавата боречка пензија стекната поради заднинската поткрепа на партизаните од 1941-1945, вистински заслужена, бидејќи не го бидувало за пушка и за акање по планините, ама да ја отвори куќата и да нахрани и да приобуе-приоблече гладни или да згрижи ранети, а и да се најде во други задински потреби, за тоа бил цар, па сега, кого за што го бидувало, нели е така, но убав аир си виде газда Мите, лесна му земја, од тоа немај-каде време-невреме.

Многу го сакаше, дали затоа што беше најмал од најстариот му син-чичко Авто шефот, или посреди беше некаква друга слабост, кој да продре до сите кршливи места на човекот и своевидната хемија.

Знам дека кога стасал за училиште, никако не сакал да оди ако и дедо му не седи со него во клупата. Море моли-море коли, некако се нагодиле да не мора и Мите на стари години да фаќа исправени-легнати-коси-прави-криви и слични писма. Ама и не го сакал баш училиштето, често бегал и не само затоа што и дедо му не бил во клупата, та нели се нагодиле, го купиле некако, ами затоа што бил скроен да не се покорува и да прави нешта што не ги сака и не знае зошто биле толку важни за да им се повинува. Бегал и најчесто се скривал во кокошарникот зад куќата, сѐ додека не му го откриле засолништето, и таму "трмел" и им се заканувал на кокошките да не крескаат и да не

разлетуваат безглаво, да не го откријат, сеедно што мајка му, целосно избезумена, покренала цела потера по него, до кучиња трагачи дошла работава, а тој ни да цивне, си таел меѓу петелот и кокошките. Кога во приквечерината му го открила прибежиштето не можела да го препознае, целиот маскиран со тоа срдливиот кокошкин, е тогаш, си го потфатила силно и здраво си го добил рајското ќотече. Но залудно, инаетот бил посилен од болката за да сфати колку било важно да се оди на училиште. Цело Прво повеќе го поминал во различни агли од кокошарникот или во, попатно, новооткриените засолништа низ целото маало, но во Второ се стегнал и си ја фатил работата, та еве, и до уметник дотурка, а засолништата му станаа една од уметничките опсесии, освен смртта што му беше импресија над импресиите, со ништо мерлива ниту досеглива.

За дедо Мите говоревме, за проклетиот чир во желудникот; за попарата со млеко; за инаетот; за медитацијата на Буда Мите во луковата градина; за лутата домашна препеченица што ја ништеше; за големото апче од безбројот мали за болката; за цврстата оска на своите поимања, за некревањето поглед кон ништо помало од слон и гордоста немерлива; за дружењето од питач до крал; за фрлањето зад себе и наоѓањето пред себе, што му беше девиза; за газда Мите џамбазот; за аирот од заднинската работа, 1941-1945, и за неговата слабост кон пријателчево мое, кој во многу нешта беше на него и кого тој многу го сакаше, а всушност за умирачките расправавме, за смртта што му беше импресија над импресиите и опсесија, со која го жигосаа.

Дедо Мите многу го сакаше, најмалиов од најстариот му син, од многустрана слабост кон него и секаде го носеше со себе и сè му угодуваше.

Газда Мите имаше и свој кројач, иако приучен, но кројач беше, со фирма над дуќанчето, напред пред куќата. Како ли му беше името, кутриот, не ги беше завладеал ниту разликите во анатомијата од муштерија до муштерија, иако на едни те исти им шиеше, а и поим си немаше од финесите во прилегнувањето на материјалот на ставата и специфичното кроење пред што биваше исправен, Ангелковски не би му дозволил ниту дуќанот

да му го мете, но ете, маката го натерала и си купил Сингерица и кројач се сторил, бидејќи ѕидарлакот му се видел мачен за неговата кревка природа.

Кај него, маалскиот кројач, горделивиот Мите го натокмил, тогаш малиот уметник, и со костумче го пицнал, пред да го земе со него за Св. Недела во неговото веќе замрено село, некаде меѓу Караорман и Стогово, каде што блика бистра вода студена и вистински пеат шумите, на кое сите камен му фрлиле по иселувањето во 50-тите на минатиот ни век и само на селскиот празник се збирале од секаде, дури и од Австралија, и го славеле Бога и ридјето што биле принудени да ги напуштат. Го подновил така детево, горделивиот дедо, десетина само што ги беше наполнил, нели, по оние денови со книшката и Потомците на Фотев под мишка, кога за последен пат воздивнала баба му Трпа, Трта што ја прекрстил попот, за да го подигне фамилијарниот бајрак и три круга да заврти околу преубавата селска црква, а тој да ликува.

До скоро, кај него, се врткале тие славни фотографии од кои една беше сочувал, полни со поетски призори на костумисано дете со бајрак в раце, како гордо го подига, со религиозна преданост што му се чита од очите, пред ококорените завидливи погледи и сувичкиот испрчен маж со прекрстени раце на градите и исправено чело, кој како и да не дише од впечатливата драматична сцена со фамилијарната гордост од дете пред него, што било за паметење. Другите исчезнале, поетски заталкале некаде фотографиите, онака како што и настанале, а можеби и ги уништил, бидејќи непријатност му предизвикуваше фактот, кога пред него ги разгледувале и констатирале колку бил голем уште како дете. Си велеше, некоја од нив секако ќе има преживеано и кај тетка му Нада, најстарата сестра на татко му, бидејќи важела за пасиониран фамилијарен времеплов мајстор, што прибирала сè, дури и, за некого, неважни ситници, за кои знаела дека расветлуваат парчиња од славата на фамилијата Тодоровци, но тој не ни сакаше да проверува и така да се потсетува на неговите славни детски денови и ликувања, но

беше сигурен дека тој ден не ќе да е пропуштен во теткиниот албум.

Венееше со години газда Мите и беше слабикав, трска се стори годините пред згаснување, блед авет што мешаше реалности и не правеше разлика што е дома а што надвор, а за посуштинските нормални препознавања и однос кон животните околности од поодамна беше заборавил, дали заради неговиот карактеристичен пркос, или што ќе да беше, па се тетеравеше во излитените пижами по цел ден во дворот, понекогаш и на месечина знаеше да подигрува неговата сенка од човек. Покрај чирот и џигерот, што му била дијагнозата, го нападна и астмата, а туберкулозата што со години се настанувала и си тлеела го дотепа, та дента кога се предал во Господови раце, не го жалеше толку него-си се спасил од јадната состојба, колку татко му Авто, кој видно, исправено се справуваше со силните смртни емоции предизвикани од сликите што несомнено му навираа, парчињата живот со својот родител, како тогаш на пријателов, при неговата-татковата смрт, во средбата со прашањата за преповторливоста на животот во животите наши сегашни и неможноста да го залажеме наследството по ген и по искуство со нашите родители и најблиски, и ако со Газда Мите биле спротиставени ко куче и маче и често се карале за важни и за неважни нешта.

Чичко Авто беше таговит човек, со треперливо срце и подисплашен од животните удари што ги поднесувал, па пријателчево насетувајќи со што се справува татко му во тој смртен час, за прв пат се расплака, и не од вистинската смрт пред него, туку од смртно реалните слики во срцата на блиските со дедовата смрт, што некако ги препознаваше кај нив, а ѝ беа верни придружници, рака под рака со Неа.

Истиот ден, речиси во ист час, почина и дедо му по мајка. Тогаш имаше 16 и вистински му беше премногу, двајцата во еден ден, што е многу-многу е, сеедно што смртта му беше пријателка. Дали се повикале во заминувањето, онака од почит, бивајќи блиски со години, а и партнери во карти што барем еднаш дневно ги вртеле, со полна страст во задоволството и

попатните јадачки, отров муабетите поттикнати од поразот или од победата или, пак, од некаквите исклучителни картациски мајстории.

За разлика од Џамбас Мите, дедо му Гаврил бил тивок и работлив човек, предан на семејството. Никогаш не боледувал пред да му го дијагностицираат канцерот на десниот рамен зглоб, што бргу ги зафатил и белите дробови, и едноставно, за само 5-6 месеци му ја исушил снагата, а бил, иако низок по раст, силен човек, вистински маж, столб во куќата, кој што знае татковски да се справи со сиромаштијата и да не ги оптоварува децата или, пак, сите јадови да ги истури врз сопругата.

Во тие шест месеци неподнослива болка, што ја имал, тетка Будна, неговата постара ќерка, постојано била крај него, бидејќи така заслабнат едвај се движел. Низ сè што поминувала и таа самата стана за жалење. Ја исцрпувале ненаспаноста и неможноста вистински да му помогне на татка си, но тетка Будна е силна жена, по многу нешта целата на него.

Од судбината не се бега, па се смилувал Господ и му ги скратил маките. Во еден ден се простил од двајцата, внимателно прелистувајќи по албумот сеќавања депониран во кортексот и по оние другите албуми што ги насетуваше кај неговите најблиски и што можеше вистински да ги воообрази.

Не беше толку приврзан за родителите по мајка, бидејќи не му беа дома, така што редицата прекрасни моменти со нив и попатното умирање на животот не ги изнесуваше доволно живо и полнозначно, како што умееше, та да можев и јас да ги запаметам.

Целиот филм од тој микс умирачки побудуваше кај него силни емоции и возбуда. Тогаш, веќе искусен со пријателката незаситна, беше несреќен што почнуваше да ја доживува толку обична, со целата нејзина вообичаена придружба во целина.

Помина подолго време без блиски средби со смртта, не дека околу него не умираа, поблиски и подалечни, но не и најблиски, од чие средиште и околностите што ги придружуваа се заситуваше неговата тага и му ја гарантираше креативната мисла, во спротивно, под ризик биваше дури и самото, просто

мислењето. Но и да го подзаборавиле, си велеше, со намера да ја искушуваат неговата вера, нему смртта му беше жиг со раѓањето и затоа не очајуваше. Ја имаше вродената моќ полнозначно да мисли и од секаквите согорувања, особено од оние, предизвиканите од немоќта за длабоко дишење и посегање по смислата на животот, што беа константа просто во живеењето, што ги преживуваше дури и посилно од вистинската смрт.

Редоследно, само со ред да е, како вели мудриот ни народ. Баба му по татко им одолевала на сите предизвици и залажувањата на ѓаволот. Ја отепало, смртно ја погодило закопувањето на синот, рожбата своја, како да ѝ го искорнале срцето и целата внатрешност, но без судниот ден нема фаќање рајски порти, а го молела Господа да се смилува на замена за нејзиното прво машко.

Осум години по смртта на чичко Авто, Баба Спасена уште наопаку му ги врзувала чевлите на ѓаволот. Годините натежнуваат, велела, а била родена во Востанието, како ние само едно востание да сме имале па би знаеле да ѝ ги изброиме годините. Илинден го почитувала за роденден, не оти баш тогаш била родена, туку во годината ни славна, кога здраво сме ги подисплашиле Турците и Република сме стокмиле, прва на Балканот, беден и страден.

Бегајќи од зулумите на аскерот турски, тогаш кога ги бевме посрале од страв црвените фесови со десетте дена Држава, не толку Турците колку околните браќа по вера, мајка ѝ ја скрила во пештера над селото и така се спасила баба му Спасена за да раскажува век со години наназад.

Се подразболела неколку години пред да почине, како секој човек што може да настине и да крене температура, ама кога имаш 90 на рамениците, како што имала, сè се очекува, та почнале да ѝ доаѓаат од сите страни, што роднини што блиски, што јабанџии, дури од нигде никаде се јавувале и ѝ оделе. Само потомците да ѝ биле тие што си доаѓале да ја видат, како за последен пат, па ќе заличела на митинг целата работата, ами згора, пријателите и оние од нигде никаде, па претпоставете си како се чувствувала нашата Илинденка по раѓање. По некој

месец таква врвулица, откако малку закрепнала, му беше рекла, со некакво видно незадоволство во очите констатирала: "Слушај синко, толку луѓе испоминаа месециве последни, а ќеркиве живи ненаспани, око не склопија, а јас не си умрев, никако Господ да ме земе". Вистински била тажна и помалку несреќна, а тој знаел дека тогаш, во тагата, најдобро се мисли, па макар и мислата да е инаетлива и да ги отфрла сите причини нејзини.

По неколку години, некаде по Илинден, кога си натокмила цели 93 (види што ти се бројки: 903-та, како милувала да вели, та 93, сигурно и 3-ти бил денот во месецот ни славен, па 9-ката се дели на 3-3-ки, па симболиката на 9-ката, та и на 3-та..., па 8-те 3-ки кај оние што крснозе се молат на Богот со безброј имиња, аха, ете, и тоа, во 0-та совршено легнува 8-ката, ко од две нули составена, што влета во системот поради 3-та на оној повеќеименуваниот, а таа, 8-ката поделена по вертикала чини две 3-ки, дури едната и превртена, ајде да не пребарувам повеќе...), се смилувал Господ и си ја прибрал во рајските градини свои. Што ти се бројки, неверојатно, па оди сега, речи дека немало нешто и во ѕвездите.

Постела среда и петок, сите посни празници Господови, со ред, и четирите Големи пости се до причесна. Милина било да се гледа како мирно го троши животот. Мерило за сè ѝ биле Господ Бог, Синот Божји и Светиот Дух, и немала никакви недоразбирања со себе, бидејќи сè било Господово. Со понизност се повинувала на неговите дела на земјата и го славела. Се крстела пред секој оброк и по него, допирајќи ја дланката на градите пред да стане од трпезата. Не знаела за лакомост, а кон храната се однесувала како кон живот и мал обред му приредувала на создателот. Никогаш и никаде не брзала.

И се восхитуваше.

На смртната постела згаснала како светица, побелена и восочна загатка мудрост.

Тогаш немало место, вистински, ама ни најмало просторче за некаквите посмртни циркузи и лигавења што би го направиле рајот маскенбал.

Умираше секој ден дружејќи се со смртта, и старееше како да има век години.

Предвидуваше дека нема да ја дочека 45-тата.

Смртта му беше пријателка таксана со раѓањето, тогаш му се виде и вистински убава... 29.06.2010.

# Наместо вовед - 02
## ***Второто раѓање***

М-то страдаше затоа што тој ја доживуваше неговата конструкција, кога ќе ја треснеше врз белината, најмоќно од сите други, нејзините другарки, а вистински го трескаше, душа му извади, на старата Олимпија што и си ја купил на старо евтино. До ден денешен љубоморно си ја чува да сведочи за маките уметност со години.

Помислуваше да ја вгради во стаклена коцка и на постамент да ја изложи, за секогаш, дури и месингова плочка да ѝ изгравира, како музејски експонат или како постмодерно дело да ја натокми, но толку се имаше нагледано такви дела (разновидни предмети заробени во стакло, и животни, а и луѓе, до влошката од првото крвавење или сопственото лајно...) што му се стемни и од помислата така неоригинално да ја жртвува неговата убавица, не дека таквите дела не му се допаѓаа или дека ја спореше нивната оригиналност, не не, тој всушност на себе се лутеше, ви се молам, денес такво нешто, како само можеше тоа да му истекне, така што, пресече, во нејзиното прекрасно дрвено куферче да си ја остави, каде што си лежеше и вистински убаво прилегнуваше врз црвеното кадифе, тоа тесно просторче каде што си беше дома, тоа да е дефинитивно просторот за нејзиното мирување. Дури не сакаше капакот да ѝ биде отворен, не дека се срамеше од видливиот изглед на нејзината горнина, така заробена внатре во сандачето, бидејќи сè друго, петте шестини од нејзината убавина не можеа да се видат или, пак, не дека повеќе го сакал куферчето од неа самата, а тој просто ја обожаваше и таа тоа го знаеше, но не сакаше вечно да ја изложува на завидливите погледи на сите оние што му идеа дома, а имаше и такви со длабоки џебови и расположени за бизнис со уметност, до што и да е од уметниците, а таа беше особена, па да го ставеа во искушение да ја “шитне” за големи пари, така да речам, иако за ништо на светот не би се одделил од неа.

Многу ја сакаше и таа тоа го знаеше, по толку години поминати со него, па затоа и не се бунтуваше што предвреме, на некој начин, ѝ ја одзеде светлината. Би можела да прислужи уште некоја година, си велеше таа, а беше свесна дека тој намерно не ја отфрли, така едноставно, бидејќи можеше и да ја затури негде по подрумите мрачни и мувлосани, туку ѝ одбра почесно место во дневната и ја стави на постамент. Што можеше да доживее поубаво?

А таа гледаше и (тоа не можеше да не го забележи) дека на масичката каде што до скоро таа беше главна сега ликува нешто друго, за неа непознато. Кришум од господарот свој, под око погледнуваше, за да не го тревожи со својата сомничава љубопитност и со тоа да ризикува да биде причината, тоа не би си го простила, доколку нему, ете така, едноставно, од нервите растреперени да почнат и рацете да му се тресат и ниту буква да не може повеќе да напише, ниту цртка од цртеж да не му успева да типне, па како било и сеедно каде да се пишувале тие азбуки и цртки уметнички, а лист не можеше да забележи. Каде тогаш, вистински каде би можело тоа?

Забележуваше дека на нејзиното место, каде што најчесто ја користеше, сега стои некоја друга кутија, дури и поголема од неа, па една друга потенка, како слика во рамка, натопорена на централно место на масичката, а и други кутиести нешта ѝ се присторуваа во возбудата, па и некакво глувчешко тело како да ѝ се пристори, та се наежи и подрипна од кадифето, како да сакаше да ја фати на бегање, и не сакаше повеќе, никако, ни за жива глава натаму да погледнува.

Со тоа се помири. Беше љубоморна, беше-беше и тоа не можеше да го прикрие, па не ни притропуваше за зрак светлина, како што знаеше, бидејќи тој повремено ја чуваше затворена, заштитувајќи ја и прашинка да не падне на неа. Особено беше мирна во присуство на сомнителни типови, свесна дека може да зажали доколу некој се распраша за содржината што негодува внатре и да почнат бездушно да лицитираат. Доволно ѝ беше што, барем еднаш дневно, а и два пати понекогаш, најчесто за добро-утро и навечер кога и посакуваше добри соништа, тој е

крај неа и ѝ се радува на нејзината виталност и старечка убавина.

Повредена беше и тој несомнено тоа го чувствуваше. Ја молеше, ни за жива глава, да ја молат-да ја колат и сосема да ја раскостат што саатчија да не може да ја прибере и да ја притокми одново, таа да не го напушта, а кога ќе му се јави Гласот и ќе дојдат по него да го спржат и во пепел да го престорат, да се согласи да отстапи троа просторче и за вазничето негово, таму да го сместат, и така вечно да не се делат и да почиваат заедно.

М-то беше жртва, а другите, без кои исто не можеше, му одолеваа на неговиот занес кога идеите ќе му зовриеја во главата. Страдаше, се кинеше преносната челична жичка на ударите врз типката, струната што во ченгел беше прикачена на челичниот подзакривен носач на славното М-големо и м-малото, натокмени едно врз друго. А удираше непрестајно, дури и силно, затоа на месец-два мајсторот го очекуваше него да се појави, под мишка со машината, или, пак, самиот тој ќе му се јавеше, доколку сепак не се појавуваше во меѓувреме, загрижен дека нешто не е во ред со неговата инспирација штом, ете, подолго време успеало да преживе М-то.

Кога ќе му ја однесеше, мајсторот толку си ја познаваше и ја почитуваше што сакаше најпрво со неа да се поздрави, отпосле со него. Па ќе си ја фатеше здраво да ја проверува и сè да подмачка, доколку и најмало чкрипење се огласуваше и му одеше на нерви. Најпосле ќе ја светнеше и по површината и тогај беше милина, така затегната и дотерана, да ја ставиш врз масичката и одново, без страв да си ја фатиш и убаво да си ја подбереш со исчукување, а таа да не се бунтува на грубоста со која беше принуден да ги о/пишува своите цртежи.

М-то не само што убаво ја заситуваше белината, туку и со вертикалите го врамуваше просторчето во себе, а со помош на Ж-то што беше шампион во покривност, со налегнувањето врз М-то вистински не беа шега, а кога ќе се вкрстеа Е-то и Ш-то, како самиот Книфер од Горгона да го исцртуваат врз нив, па згора кога ќе го јавнеше В-то, та и Њ-то, па Ќ-то и Ф-то, за потоа

да ја слави сочната сива што настануваше кога врз сѐ ќе прикрајчеше со А-то и одново еден совршен Книфер, и кога сосема за крај со Х-то ќе ставаше печат врз квадратчето.

Знаеше да ја начука и целата азбука само на едно квадратче за да добие најдлабок тон, по секое Трес врз типката, враќајќи го валјакот за чекор. Кои од триесет и едната и оние интерпункциските, или другите секакви, вакви или онакви, до + и – ќе ги определеше и ќе ги зачукаше, а од тоа колку пати истото ќе го повтореше ќе зависеше и заситеноста на сивилото на сегментот, квадратчето од линиите квадратчиња, помалку или повеќе исцрнети.

По секое Трес, одново Чкрт, чекор назад и повторно Трес.

Сѐ точно пресметуваше, како во шема за гоблен сметаше, и кога така подготвен ќе се расчукаше знаеше во пристојно време и целиот лист да го исполни, без белините што ги имаше предвидено, како и сѐ друго, за да може точно да ги одбројува паузите без Трес, како и другото што исто беше потребно да се одброи за контролирано да врви работата, како што имаше замислено, за потоа одново да се врати на почетокот и да почне да го исчукува вториот-третиот-четвртиот... слој, со друга последователност во исчукувањето на азбуката и другото што можеше да се отчука кога ќе се типне или здраво ќе се тресне врз типките.

Така ќе наслојуваше од буквите сивило додека не беше наполно задоволен од квалитетот врз белината, контролирајќи ја текстурата што ја вмрежуваше со преклопувањата и силината на ударот, зависна и од квалитетот и истрошеноста на лентата мастило и секако од квалитетот на хартијата.

И 1-3 реда градирано сиво впечатливо ја полнеа белата просторност и можеа да му бидат доволни, да ја задоволат неговата деликатна мерка за ред и однос меѓу полното и празното.

Тоа длабоко сиво беше особено сиво, не се добива на друг начин, сочинето од шумови, гласови, точки, цртки и баш линии, од букви, зборови, мисли и токму мудрости, што често ги

поништуваше во интерес на сочните сиви, а се насетуваа заробени во структурата.

Знаеше и чисти зборови да остави, не јавнати од колешките, можните натрапнички, поради значењата и сликите зад нив што се отвораат, или само поради најнискиот сив тон што така можеше да го добие, вграден меѓу другите, никогаш повеќе од 5-6 тонови во композицијата, каква и да беше таа и што и да опишуваше или да порачуваше.

Промислуваше грижливо кои букви ќе ги одбере за да ги налегне во редот и во секое квадратче посебно, за во сивилото живо да затреперат и белинките што не би настрадале од вмрежувањето.

Толку му се допаѓаше сигурноста на писмото врз хартијата, што не му се јавуваше некаква потреба нешто да коригира. Сè пребројуваше и детално натокмуваше пред цврсто да удри по буквата. Беше заробеник на геометријата.

Убаво се вклопуваа и ситните дамки црвенило распоредени како ѕвезди по структурираното сиво врз листот, произлезени од црно-црвената лента, што некако влетуваа во белината кога челичната буква ќе треснеше во црното и по некаков случај нагризуваше по нешто од боилото здружено на лентата двострано вкалемена.

Беше условен, всушност ваквото о/пишување на уметноста беше програмирано на вертикали и хоризонтали, но доколку сакаше да се обиде со чиста дијагонала и други динамични коси или кружници, добиваше форми што беа нагризани како слика со ниска резолуција или, пак, вез-миленце одблизу, Нему вертикалата и хоризонталата му беа сосема доволни, освен кога му успеваше условеноста да ја претвори во предност и од нагризаното скалесто цик-цак да создаде вистински специфичен резултат.

Секој вреден лист го славеше, откако со ракавици на рацете внимателно ќе го ослободеше и остатокот од цртежот приклештен во ваљаците, кога ќе го легнеше на масичката и ќе го загледуваше со воодушевеност, палејќи цигара и налевајќи си чаша пијалак. Сите чакри му се активираа и тогаш знаеше дека

се случило нешто вистински силно или дека допрва ќе му истекне.

И би, по извесно време, подолго бавејќи се со својата Олимпија и текстурите уметност, нешто му светна и посака да може убаво да се размавне и на Големо да се обиде, да прави големи цртежи, бидејќи А-четворките, што дури подоцна ги засака, тогаш ги чувствуваше премали за силата што ја поседуваше.

Моќните скулптури што ги создаваше тогаш му беа мерка со која одмеруваше сѐ и споредуваше сѐ.

Науми и ја направи, за подолго време отколку што предвидуваше и со многу труд и мака, но сепак ја направи сопствената голема машина за пишување, како голема близначка на неговата љубена Олимпија, иако неа ништо не можеше да ја замени, ниту тоа му беше намерата, но креативните патишта се непредвидливи и не робуваат на една и единствена љубов, па нека е и најдлабокото сакање. Така и тој влезе во оваа работа, како кон некаква нова љубов, но не ќе било баш така, како што јас верував и просто бев убеден.

На неа можеше да се распише на Големо, но не го стори тоа. По времето и маката да ја стокми толку убедливо, како и нејзиниот урнек, сфати дека таа воопшто и не му била неопходна. Многу нешта имаше веќе опишано, та откако ја направи изгуби секаква желба на неа да тресnative и одново истото да го “прераскажува”, а трескањето на неа беше петкратно побучно, колку што беше и поголема од урнекот. Тогаш дефинитивно знаеше дека А-четворката е вистинскиот формат за раскажување со исчукување. Големата О веројатно му беше некаков скулпторски предизвик иако пишувањето на уметноста го предизвика да ја направи.

Ја именуваше G O & G M, но, иако негова, негово дело, не ја токмеше до неговата првосакана што веќе си го стекна местото во неговата мала галерија на Македонска преродба 98. И покрај тоа што исто така беше невидена убавина, и некаков негов скулпторски предизвик, како што изгледаше, а за волја на вистината тој за тоа не сакаше ниту да зборува, а камоли да

расправа, како што убаво знаеше да си разврзе за некои други дела и теми. Извесно беше дека тој воопшто не ја сметал за дело уште од самиот почеток на нејзиното настанување, а јас, ете така, сум помислил дека сѐ што ќе фатеше да работи мораше да биде уметност, бидејќи секогаш така биваше, до фамозната G O & G M. Подоцна ја парчоса, а парчињата континуирано ги притокмуваше, како од некаква вина да внимаваше да биде пристојно вдомена, во структурите на неговите идни скулптури, откако и таа си го отслужи своето и му приреди некакви задоволства, што јас не можев да ги одгатнам. А знајачите, не дека јас баш не се разбирав, и оние пољубопитните, дури и во нејзините ситници, во што ја претвори, ги препознаваа и ѝ се воодушевуваа на совршеноста што му успеа да ја престори во Големо.

Денес, кога реши да ја пишува уметноста и тоа да му е доволно, небаре рамно на резултатите од тогаш, кога врескаше неговото ателје од материјалот што цвичеше и офкаше под брусалката и чеканите, та крцкаше од температурата што му ја ломеше структурата, или кога зрачеше во формите што настануваа, за навек, тогаш кога ја славеше убавината и Севишниот сосѐ сите околу него, пердувести или не, во мигот почувствува како сето она од изминатите години да му се врати, освен Олимпија-та и славното М, сѐ како одново да му се случи пред него.

Час пријатно-час мачно, на бранови го заплискуваа чувствата.

Се запраша: дали ова денес не ги влече корените од она вчера или од некаде највчера.

Не му беше битен одговорот. Го радуваше самата помисла.

...

Умре на 55, не на 45, како што предвидуваше кога имаше 35.

Последните 5 веруваше дека ќе го создаде своето најголемо дело, под ѕвездите, онаму меѓу овците и кучињата, шумите и врвовите што вистински пеат, бистрите води студени... идилата во која решил да се повлече по онаа експлозија во ателјето (... од

што се затресе целото соседство... а преживеа) и сè друго што го мачеше и до експлозија беше во него, што, очигледно, му ја активирало и оваа чакра, та сè да престори во раскази од сликите уметност што му биле в глава, или оние што таму допрва ќе се настанува.

Сè му се испречувало и го заведувало, како огледало, кога фатил да отчукува, како да е самата вистина, сè поединечно му излегувало пред очи, само-по-само. И самото свое раѓање си го видел, и мајка му расчекорена, и мирното лице на старата селска бабица над неа, и луѓето во дворот како го исчекуваат плачот почетен, во одбројувањето на смртта.

Во сè како да бил внатре, како тоа да било многу важно за создавањето.

Сè му се покажа и почна да се разголува во неговата глава, просто сè, та се исплаши дека на ништо не ќе личи ако сето тоа почне да го отчукува на виделина, иако му играше срцето од возбуда.

Многу страници можат да се испишат, си рече, тивко како за себе, но како да ги напише толку разбирливо за да ги дочитуваат оние што некако ќе ги подзачитаат, тоа му беше дилемата.

Му се сврте во главата, вистински се загрижи и се посомнева во своите намери. И ако намерата не му беше книжевна, за што и немаше заднина, но зборови си се зборови, без оглед на намерите, па оди сега подреди ги така, разбирливо за читање.

Сè поединечно, од неговиот живот секаков, изложено како во хипноза од сеќавањата и така само нафрлено и се разбира нецелосно, ниту грижливо селектирано, што возбудено ми зборуваше, го доживуваше толку сложено, како посебни проекти, проекти за себе, не дека од сето тоа произлегуваше неговата вистинска уметност, и не дека баш од нив ќе се изродеше некаквата иднина, што му беше првенствено, но знаеше дека ништо од својот живот не смее да се занемари или да се отфрли во потрагата по корењата на уметноста што ќе/ја создаваше, та и онаа што наумил да ја зароби во зборови.

Беше искусен, го знаеше и тоа дека уметноста е самиот наш живот, или некаков одговор, нему спротивставеност, па затоа прочепкуваше по својата Програма (секогаш му беше од помош во вака деликатни моменти), што ја беше градел од самите уметнички почетоци, за да изнајде оправданост за овој чекор со зборовите, и следственото, иако со ова, последново, што ми го раскажуваше, а јас го бележев, беше јасен дека тоа ќе биде вистински последното, толку расказно изнесено, пред да почне да ги опишува своите идни замисли и идеи, што до проект ќе ги доведеше, онака како што претходно практикуваше, сосема пред самата материјална реализација на делата.

Не сакаше, за ни една причина, дури и разумна, да заборави на потребата од радикално, крајно слободно тестирање на растегливоста на уметничките рамки.

Му бев биограф, иако и самиот по нешто бележеше, дури и не му бев рамен во зборовите и во сложените конструкци, особено во креативните пресврти во мислењето, но, сепак, се согласив тој да ми раскажува, а јас да бележам и во зборови да ги оформам неговите идни проекти, а беше убеден дека во трето лице највистинито се раскажува, и префрлањето од трето во прво лице, како што планираше, му се виде возбудливо.

Се замисли, иако искусен, така си мислеше, со надстандардите, надсодржините, и надживувањето, со неговите вистински предизвици...

Беше скроен да не се поклонува... 23.07.2010.

продолжува...